ПИСМО ОД БЕЛГРАД

# Опера, музеј и модерна галерија на левиот брег на Сава

Белград, ноември

**Новиот културен центар на Белград ќе се наоѓа на левиот брег на Сава. Тој ќе биде сконцентриран од едната и другата страна на главната улица која ќе го сече овој модерен дел на градот, на местото каде што денес се наоѓаат старото белградско сајмиште и големите површини паркови. Овде ќе бидат подигнати неколку репрезентативни згради во кои ќе бидат сместени Операта, неколку музеи и Модерната галерија на југословенската уметност. Некои од нив се наоѓаат пред градење, а за некој допрвин треба да бидат распишани конкурси.**

Меѓу урбанистите се водеше повеќегодишна дискусија за локацијата на новата зграда на Белградската опера. Некои од нив сметаа дека таа треба да се подигне во стариот дел на градот. Дискусијата за овој објект заврши. Конечната одлука предвидува зградата на Операта да се подигне во Нов Белград. Операта ќе се гради по претходно распишување на општојугословенски конкурс за најдобар проект. Засега се знае дека зградата ќе биде решена врз принципите на модерната архитектура и дека ќе има над 2000 места.

Спроти Операта, според урбанистичкото решение предвидено е да се подигнат уште неколку објекти кои ќе бидат наменети за потребите на културниот живот во главниот град. Новите згради на Етнографскиот и Природ-научниот музеј ќе, бидат една до друга во непосредна близина на Операта. Меѓу зградите на овие музеи и брегот на Сава е предвидено да се сограде музеј на Револуцијата.

Зградата на модерната галерија, во која ќе бидат изложени најдобрите дела од современата југословенска уметност, ќе биде подигната најдоцна до почетокот на 1963 година. Тоа ќе биде прв објект изграден на локацијата на новиот културен центар на Белград.



*„ДВИЖЕЊЕ“. — Дело на Лаза Вујаклија, кое ќе биде застапено во Модерната Галерија.*

Конкурсот за зградата на Модерната галерија веќе се одржа. Одобрен е проектот на архитектите Иванка Распоповиќ и Иван Антиќ, за кои е дадено мислење дека најмногу одговара на многубројните барања за градење на објект од ваков карактер. Зградата на идната Модерна галерија ќе има шест куполи кои ќе бидат поставени во два реда а меѓусебе поврзани со рамна површина. Врвовите на куполите ќе бидат за-равнети и покриени со специјален вид стакло. На тој начин ќе се овозможи доволно осветлување на изложбениот простор. Внатрешниот распоред за овој вид градба ќе престанува новина. Раководејќи се од современите музеолошки принципи, коишто денес во светот наоѓаат примена кога е во прашање објект од ваков карактер, архитектите на место катови имаат проектирано подови на разни висини. Се смета дека на овој начин се обезбедува многу полесно движење и разгледување на изложбените простории.

Подготвувајќи ја својата нова зграда, управата на Модерната галерија веќе има разработено детален план за нејзиниот карактер и физиономијата. Основната задача на Галеријата ќе биде да ги прикаже развитокот и стремежите на современата југословенска уметност Раководејќи се од ваква концепција, Модерната галерија, низ изложбените простории, нашата современа уметност ќе ја третира преку следните три периоди: до Првата светска војна, меѓу двете војни и по Ослободувањето.

Една традиција (изложби на скулптури на отворен простор), која о Белград се одгледува неколку години,ќе ја прифати и продолжи и Модерната галерија. Паркот околу зградата ќе биде пополнет со скулптури кои се вклучуваат во амбиентот на отворениот простор, зелените површини и природната светлост.

Р. КУЗМАНОВСКИ